РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP
Бр./ Nr. Су-03-480/26
30.04. 2026 год./ viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Основниот граѓански суд Скопје, поаѓајќи од заложбите за обезбедување на почитувањето на уставноста, законитоста, професионалниот интегритет, транспарентноста и заштитата на човековите слободи и права, ја усвојува следната политика:

# ПОЛИТИКА НА ИНТЕГРИТЕТ

Основниот граѓански суд Скопје го прифаќа интегритетот како темел на доброто управување и стратешки и одржлив одговор на корупцијата. Интегритетот е од суштинско значење за економскиот, социјалниот и општествениот просперитет.

Под интегритет се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на судот во кој се избрани, именувани за одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на судската функција и судската служба.

Засилувањето и подигнувањето на интегритетот е заедничка мисија и одговорност на сите институции во системот и на сите нивоа на власт.

Прифаќајќи ја политиката на интегритет, Основниот граѓански суд Скопје се обврзува на:

(1) воспоставување на систем на интегритет,

(2) спроведување и поддршка на системот за интегритет и

(3) следење и известување за примената на системот за интегритет.

Основниот граѓански суд Скопје ги запознава со својата политика за интегритет државните органи и институциите од јавниот сектор, како и припадниците на приватниот сектор, граѓанското општество и граѓаните барајќи од нив, како партнери во процесот, да ги почитуваат поставените вредности и стандарди.

## 1. Воспоставување на систем за интегритет

Системот за интегритет е воспоставен на начин да овозможи институциите од судството да работат и да ја извршуваат својата надлежност, почитувајќи ги законите и во согласност со највисоките етички стандарди, промовирајќи ефективни механизми за внатрешна контрола, надзор и отчетност.

Системот за интегритет почива на следните елементи кои претставуваат своевидни стандарди за интегритет:

- Заштитата на јавниот интерес и спречувањето на судирот на интереси;
- Почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за позицијата на службеното лице;
- Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации;
- Наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси;
- Транспарентност и пристап до информациите од јавен карактер;
- Заштитено пријавување од укажувачи;
- Управување со квалитет; и
- Родово-базирани аспекти на политиката на интегритет.

**Заштита на јавниот интерес и спречување на судирот на интереси:** Во Основниот граѓански суд Скопје, судиите и судската служба се должни да се изземат од постапки каде постои ризик од судир на интереси, во согласност со закон. Воедно, се обврзуваат дека во своето работење ќе му даваат приоритет на јавниот над приватниот интерес и дека ќе поттикнуваат и развиваат организациска култура која не толерира судир на интереси и во која индивидуалната одговорност и личниот пример се основа за доброто управување.

За да овозможи ефикасно управување со судирот на интереси, во Основниот граѓански суд Скопје се спроведува постапка за јасна идентификација и декларирање на личните интереси, се утврдуваат јасни правила за очекувањата од службените лица кога постои ризик од судир на интереси, се обезбедува транспарентност во процесот на решавање на ситуациите во кои се појавува судир на интереси и се развиваат механизми за следење на примената на правилата за превенција на судирот на интереси.

**Почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за позицијата на службеното лице**: Службените лица во Основниот граѓански суд Скопје се должни да го почитуваат Кодексот за етика на судиите и судиите поротници, Кодексот на етика на вработените во Судската служба на РМ кои обезбедуваат професионалност, независност, непристрасност и политичка неутралност на судството.

**Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации**: Интегритетот се промовира како дел од управувањето со човечки ресурси во Основниот граѓански суд Скопје. Изборот, именувањата и вработувањата се транспарентни по пат на јавен оглас, со однапред утврдени критериуми и со развиени политики кои овозможуваат вработувања и унапредувања врз основа на заслуги и квалификации и оневозможуваат партиски влијанија, непотизам и кронизам.

**Наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси:** Основниот граѓански суд Скопје демонстрира отвореност, отчетност и инклузивност во дефинирањето на буџетските приходи и расходи водени од целта да го задоволат јавниот интерес и континуирано да го подобруваат квалитетот и ефикасноста на судските услуги за граѓаните.

Основниот граѓански суд Скопје се обврзува дека договорите за јавните набавки, ангажманот на стручни лица, одржувањето на судската инфраструктура и другите договори поврзани со судската работа ќе се реализираат низ транспарентни процедури кои овозможуваат еднаков третман и конкуренција на заинтересираните учесници.

**Транспарентност и пристап до информации од јавен карактер**: Основниот граѓански суд Скопје обезбедува вистинити, соодветни, навремени и целосни информации за својата работа, вклучувајќи објавување на судски одлуки и распоред на рочишта во судовите, како и јавност во работата на Судот, при што се почитува правото на приватност и заштитата на личните податоци.

Основниот граѓански суд Скопје се стреми кон високо ниво на активна транспарентност, односно објавување што е можно повеќе информации на својата веб-страница и демонстрирање подготвеност неговото работење да биде ставено на јавен увид.

Службените лица не смеат да ги користат информациите со кои располагаат во вршењето на функциите, судските и административните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.

**Заштитено пријавување од укажувачи**: Овозможувањето на укажувачите да пријавуваат недозволиво или незаконито постапување не стравувајќи од последици, претставува еден од

столбовите за успешна превенција, откривање, истрага и санкционирање на ваквите постапувања со кои се загрозува јавниот интерес.

**Управување со квалитетот**: Основниот граѓански суд Скопје воспоставува систем на работење преку кој постојано се унапредува работењето и процесите, се намалуваат ризиците и трошоците, а се подобрува мотивираноста на избраните и именуваните лица, како и вработените и се следат вкупните резултати од работењето.

Унапредувањето на испораката и подобрувањето на квалитетот на услугите се врши преку одговорно планирање, управување и реализација на процесите и промовирање на култура на извонредност на избраните и именуваните лица, како и судската служба, согласно меѓународниот стандард ИСО 9001, Заедничката рамка за процена – ЦАФ и други стандарди за квалитет во судството.

**Родово-базирани аспекти на политиката за интегритет**

Родовите аспектите и аспектите базирани на различностите ја обликуваат појавата на ризиците по интегритетот и начинот на кој механизмите за интегритет треба да функционираат и да влијаат врз различни лица.

Ова вклучува вработување/избор и унапредување, однесување и управување во судницата, пристап до информации и услуги, пријавување на неправилности и обезбедување на правна заштита, обука и градење капацитети, како и мониторинг и известување.

Затоа, Основниот граѓански суд Скопје интегрира родова-чувствителна и инклузивна перспектива во рамките на елементите на системот на интегритет, со цел да се обезбеди правичност, еднаква достапност и поголема одговорност во работата на судството.

## 2. Спроведување и поддршка на системот за интегритет

За да овозможат ефикасно спроведување на системот за интегритет, Основниот граѓански суд Скопје е посветен на градење на капацитетите и поддршка на сите службени лица во процесот на исполнување на обврските кои произлегуваат од стандардите за интегритет во насока на законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работните задачи.

Судската управа во Основниот граѓански суд Скопје е одговорен за воспоставување и спроведување на системот на интегритет, како и за нивна промоција преку своето лично однесување и со преземање мерки за колективна прифатеност на политиката на интегритет и придржување кон истата од страна на вработените.

Градењето на капацитетите се одвива преку редовна едукација на судиите, како и на вработените во судската служба, за соодветна примена на стандардите за интегритет по пат на обуки, како и со овозможување на советување за сите дилеми кои можат да се јават кај службените лица во секојдневното работење. Заради обезбедување на ефикасно спроведување на системот за интегритет, Основниот граѓански суд Скопје назначува лице за интегритет и негов(а) заменик(чка).

Овие лица ќе имаат координативна и советодавна улога, ќе бидат задолжени да вршат следење на имплементацијата на системот за интегритет и да предложат мерки во согласност со судската независност и надлежностите утврдени со закон.

Основниот граѓански суд Скопје ги идентификува ризиците од корупција и истите редовно ги проценува и следи. Соодветно на тоа се преземаат и мерки за надминување на ризиците кои го загрозуваат интегритетот на институцијата.

### 3. Следење и известување за примената на системот за интегритет

Основниот граѓански суд Скопје овозможува двостепен систем на следење на примената на системот за интегритет:

- Внатрешен систем на следење – во рамки на Основниот граѓански суд Скопје и
- Надворешен систем на следење - од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Целта на следењето на системот за интегритет во Основниот граѓански суд Скопје е да се утврди ефикасноста на применетите политики и процедури кои овозможуваат доследна примена на стандардите за интегритет, како и за мерење на резултатите од применетите мерки за намалување на ризиците од корупција. Процесот за следење и известување за примената на системот за интегритет го координираат соодветните лица за интегритет. Основниот граѓански суд Скопје спроведува и внатрешни контроли за проверка на примената на стандардите за интегритет преку вклучување на внатрешната ревизија.

Основниот граѓански суд Скопје се обврзува на соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата овозможувајќи ѝ да го следи спроведувањето на системот за интегритет. За таа цел Основниот граѓански суд Скопје се обврзува на точно, редовно и навремено информирање на Државната комисија за спречување на корупцијата за сите активности преземени во насока на примена на системот за интегритет, како и за спроведување на добиените насоки, препораки и укажувања од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата во однос на јакнење на интегритетот во судството.

Основен граѓански суд Скопје

Претседател

Бесник Авдија

---------------------------